РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3256/3
06-09-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 74-тата седница одржана на 05.09.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-3780/1 од 08.10.2021 година, оформен по сопствена иницијатива – допрен глас од медиумите **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Изборниот законик.

Предметот со број 12-3780/1 од 08.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Согласно член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по донесен заклучок на колегиум на ДКСК одржан на 07.10.2021 година, ДКСК оформи предмет со број 12-3780/1 од 08.10.2021 година, по сопствена иницијатива – по допрен глас – изнесени информации во јавноста за распишување на тендер во тек на изборна кампања од страна на Град Скопје, за купување на објект - Градска куќа, односно нови административни простории за Град Скопје. Според информациите објавени во неколку медиуми, од страна на Град Скопје бил објавен оглас за купување на Градска куќа, во кој како услови се наведени новиот објект да се наоѓа во строгиот центар на градот – Мал Ринг, да има површина од 4.000 до 9.000 метри$^2$, паркинг простор за 20 до 70 возила, обезбедена инфраструктура и имотен лист или лист за предбележување. Според објавените информации од огласот, проценетата вредност на набавката била определена како не поголема од 11 милиони евра со вклучен ДДВ, средствата биле обезбедени од буџетот на Град Скопје, а плаќањето било предвидено да се врши на најмногу 24 месечни рати.

За проверка на наводите изнесени во јавноста и заради утврдување на фактичката состојба, ДКСК постапи согласно своите законски надлежности во насока на прибирање на релевантни податоци, информации и документација и до Град Скопје упати барање за добивање податоци, информации и документација поврзани со конкретниот случај. Од извршениот увид во податоците, информациите и документацијата доставени од страна на Град Скопје ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

На 57-мата седница на Советот на Град Скопје одржана на 27.10.2020 година донесена е Одлука број 27-8284/1 со која е утврдена потребата од набавка на недвижен имот - објект со намена деловен објект во Централното градско подрачје – Мал Ринг, за потребите на градската админстрација и органите на Град Скопје. Со истата одлука е утврдено дека вкупната вредност на недвижниот имот нема да изнесува повеќе од 11 милиони евра со вклучен ДДВ, дека средствата за набавка се обезбедени со Буџетот на Град Скопје програма ЕАА и дека исплатата ќе биде најмногу до 24 еднакви рати.

На 6 јули 2021 година Советот на Град Скопје на одржаната 73-та седница одобрил Измена на планот за изменување и дополнување на планот на програмите за развој за период 2021-2023 година, вклучително и на програмата ЕАА – Капитални трошоци на општината каде е наведено дека примарна цел на оваа програма меѓу другото е и обезедување на подобри услови за работење на градската администрација – нова Градска куќа.

По формирање на Комисијата за недвижни и движни ствари, врз основа на известување од Градоначалникот на Град Скопје 08-9016/1 од 22.09.2021 година доставено до Комисија за недвижни и движни ствари, започната е постапка за набавка на недвижен имот.

На 27.09.2021 година објавен е јавен оглас бр.01/2021 согласно член 17 од Законот за користење и располагање на стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, согласно условите предвидени со Одлуката број 27-8284/1 од 27.10.2020 година. Право на учество во постапката во огласот имале сите домашни и странски физички и правни лица кои имаат во сопственост недвижен имот што ги исполнува критериумите содржани во огласот, и тоа: имотот да се наоѓа во Централното градско подрачје – Мал Ринг, да има административен простор од приближно 4000 м² до 9000 м² за потребите на вработените, да има обезбеден пристап за луѓе и возила, паркинг простор со површина од 20 до 70 паркинг места, обезбедена инфраструктура, технички и санитарни услови и имотен лист или лист за предбележување.

Со оглед на тоа што до крајниот рок за доставување на понудите по јавниот оглас (25.10.2021 година) до Архивата на Град Скопје не била пристигната ниту една понуда, Комисијата не ја продолжила постапката.

По завршување на Локалните избори, ДКСК повторно се обрати до Град Скопје за добивање нови информации и податоци за состојбата со набавката на недвижниот објект, при што бевме известени дека поради неподнесени понуди, постапката е поништена.

Врз основа на утврдената фактичка состојба ДКСК го констатираше следното:

Согласно член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и согласно член 8-а од Изборниот законик, „од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за